Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-175
06.03. 2024 год.viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE KOMUNALE
АМБИЕНТИ - AMBIENTI
Бр./Nr. 10-31
06.03. 2024 год./viti
АРАЧИНОВО - HARAÇINË

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Основно општинско училиште - Shkolla fillore komunale
АБДИЛ ФРАШЕРИ
ABDYL FRASHËRI
Бр.Nr. 0507-40
06.03 2024 год.viti
Арачиново-Haraçinë

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општинско основно училиште - Shkolla fillore komunale
ЃЕРЃ КАСТРИОТ - СКЕНДЕРБЕУ
GJERGJ KASTRIOT - SKËNDERBEU
Бр.Nr. 0507-107
06.03 2024 год.viti
с.Арачиново-f.Haracinë

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општинско основно училиште - Shkolla fillore komunale
БАЈРАМ ШАБАНИ - BAJRAM SHABANI
Бр.-Nr. 0507-45
07.03. 2024 год.-viti
с.Грушино, Скопје - f.Grushinë, Shkup

Јавна општинска установа - Institucion Publik Komunal
за деца - Детска градинка - - Kopshiti për fëmijë
"ФАТОСАТ" - "FATOSAT"
Бр.Nr. 03-04
07.03. 2024год.viti
Арачиново - Haraçinë

Друштво за производство, трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани
Бр. 127-1/24
06.03. 2024

ДОГОВОР

за набавка на канцелариски материјали

Склучен на ден 06.03.2024 год, во Скопје, помеѓу:

1. Договорен орган: Општина Арачиново, со седиште на ул. 1 бр.2 во с.Арачиново, застапувана од Градоначалникот Ридван Ибраими (во понатамошниот текст прв договорен орган - нарачувач),
2. ЈКП Амбиенти Арачиново , со седиште на ул. 14 бр. ББ во с.Арачиново, застапувана од Директорот Арсим Бајрами (во понатамошниот текст втор договорен орган - нарачувач),
3. ЈОУДГ ФАТОСАТ Арачиново, со седиште на ул. 1 бр. 2 Ц во с.Арачиново, застапувана од Директорката Дрита Исени (во понатамошниот текст трет договорен орган - нарачувач),
4. ООУ Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу Арачиново, со седиште на ул. 1 бр. ББ во с.Арачиново, застапувана од Директорот Џавит Имери (во понатамошниот текст четврт договорен орган - нарачувач),
5. ООУ Абдил Фрашери – Арачиново, со седиште на ул. 10 бр. ББ во с.Арачиново, застапувана од Директорот Рефик Салии (во понатамошниот текст пет договорен орган - нарачувач).
6. ОУ Бајрам Шабани - Арачиново, со седиште на ул. 1 бр. ББ во с.Грушино, Арачиново, застапувана од Директорот Наим Бислими (во понатамошниот текст шест договорен орган - нарачувач),
7. **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КОЧАНИ**, со **ЕДБ** 4013001114050 и ЕМБС 5540232 застапувана од **одговорно лице Татјана Величкова**, (во понатамошниот текст како **Носител на набавката).**

Предмет на Договорот

Член 1

Предмет на овој Договор е сукцесивна набавка на канцелариски материјали во согласност со Одлуката за јавна набавка бр.13-88 од 05.02.2024 година, Одлуката за избор на најповолен понудувач бр. 13-88/5 од 26.02.2024 година и Понудата на носителот на набавката од 21.02.2024 година.

Цена на Договорот

Член 2

Вредноста на стоките од член 1 на овој Договор изнесува најмногу до **3.000.000,00 (три милиони)** денари без ДДВ односно **3.540.000,00** денари со вклучен ДДВ за сите договорни органи.

Времетраење на договорот

Член 3

Договорот се склучува на определено време за период од 2 (две) години од денот на склучување на договорот односно до искористување на средсвата од член 2 на овој Договор.

Начин и рок на плаќање

Член 4

Плаќањето на цената утврдена во член 2 од овој Договор ќе се изврши во следниот рок и на следниот начин **: 30 дена после достава на фактурата** при тоа економскиот оператор е обврзан да фактурира посебно на секој од договорните органи кој ќе нарача канцелариски материјали.

За ден на прием на фактурата ќе се смета денот кога фактурата ќе биде издадена од страна на носителот на набавката и потпишана од страна на лице задолжено од страна на договорниот орган дека стоките се подигнати.

Секој од договорните органи се обврзуваат сами да извршуваат исплати за своите набавени количини на стоки.

Начин на испорака на стоките

Член 5

Стоката потребно е да биде испорачена од страна на носителот на набавката до просториите на договорните органи во рок до 48 часа по нарачка на секој од договорните органи.

Права и обврски на странките на Договорот

Член 6

Носителот на набавката гарантира дека материјалите ќе ги достави со сите потребни барани карактеристики.

Набавувачите се обврзуваат да ги примат материјалите и исплатата на износот за истите да ја извршиатна начинот и во рокот предивен во член 4 од овој Договор.

Раскинување на Договорот

Член 7

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

Член 8

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа веднаш писмено да ја извести другата договорна страна.

Член 9

Со писменото известување се смета дека договорот е едностарно раскинат.

По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

Завршни одредби

Член 10

За сé друго што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите на Законот за облигациони односи.

Член 11

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, за нивно решавање надлежен ќе биде Основниот суд во Скопје.

Член 12

Овој договор е склучен во 7 (седум) едообразни примероци од кои по 1 (еден) за сите договорни страни.

Набавувачи:
Општина Арачиново
Градоначалник
Ridvan Ibraimi

Носител на набавка
РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ, КОЧАНИ
Управител

ЈКП Амбиенти Арачиново
Директор
Арсим Бајрами

ООУ Герѓ Кастриоти Скендербеу Арачиново
Директор
Џавит Имери

ООУ Абдил Фрашери – Арачиново
Директор
Рефик Салии

ОУ Бајрам Шабани - Арачиново
Директор
Наим Бислими

ЈОУДГ ФАТОСАТ Арачиново
Директор
Дрита Исени